# Рамката за способност на работната сила на NDIS: Упатство за обука за способност

## Macedonian | Македонски

Рамката за способност на работната сила на NDIS (NDIS Workforce Capability Framework) (Рамката) ги опишува однесувањето, вештините и знаењата што се очекуваат од сите работници финансирани во рамките на NDIS. Таа обезбедува јасни, практични примери и воспоставува заеднички јазик за тоа „како треба да изгледа доброто“ за учесниците кои добиваат поддршка и услуги од NDIS. Овие материјали ја поддржуваат Рамката.

Упатството за обука за способност е дизајнирано да им помогне на давателите на услуги да ги исполнат своите обврски да „обезбедат поддршка и услуги на безбеден и компетентен начин со грижа и вештина“ (Кодекс на однесување на NDIS - NDIS Code of Conduct). Тоа објаснува како да се идентификуваат потребите за учење, а потоа да се избере обука за градење и одржување на способностите на работната сила, за да се постигнат целите за управување и планирање на работната сила. Упатството главно се фокусира на тоа како да се избере надворешна обука. Сепак, истите принципи важат и при изборот на решенија за внатрешна обука.

*Постоењето на средина за обука што нуди поддршка и обезбедува соодветна обука, исто така оди кон градење на доверба кај работниците, задоволство од работата, задржување на работници и градење способност да се обезбеди квалитетна поддршка.*

## Што да се очекува

Упатството за обука за способност е дизајнирано да им помогне на организациите и работниците да ги идентификуваат пропустите во обуката и да го персонализираат развојот врз основа на способностите опишани во Рамката. Упатството:

- Го поддржува идентификувањето на потребите за учење и развој и разбирање на опцијата за структурирана обука.
- Обезбедува практични сценарија и примери за тоа како да го користите упатството во планирањето и обуката.
- Дава совети за оценување на ефективноста на обуката.
- **Корисно за**: Даватели на услуги на NDIS, раководители на кадровски служби, надзорници, работници и учесници во идентификувањето и планирањето можности за обука или недостатоци.

Упатството за обука за способност е поддржано од други материјали во Рамката, алатки и упатства.

Материјалите се корисни за учесниците, надзорниците, давателите на услуги и работниците во NDIS и може да помогнат за давање на мислење и при процесите на надзор.

Упатството може да го најдете и преземете во секое време од **веб-страницата.**

## Сценарио: Одзив на индивидуалните потреби за развој на работниците

Michael користи инвалидска количка и добива поддршка за лична нега два часа секое утро, што вклучува и туширање. Во изминатите две недели Michael одби да се тушира, а исто така разви и инфекција на рана создадена од притисок. На почетокот работникот за поддршка на Michael, Fred, не кажа никому, мислејќи дека на тој начин се почитува одлуката на Michael. Кога Michael беше примен во болница за лекување на раната од притисок, Fred ѝ кажа на надзорничката Bess.

Bess му го покажа на Fred упатството од Рамката „Поддржете ме да донесувам свои одлуки", објаснувајќи дека поддржувањето на учесниците да ги преземат ризиците што тие ги сакаат мора истовремено да биде балансирано со одржување на нивната безбедност.

Тие разговараат за инцидентот и Fred профаќа да присуствува на краток курс за должна грижа и за достоинство на ризик. Bess знае дека честопати е тешко да се постигне точна рамнотежа и почесто разговара со Fred за тоа како го применува она што го научил. Таа предлага да се сретнат со Michael кога тој ќе биде отпуштен од болница, за да одлучат како најдобро да го поддржат за да не се повтори овој вид на ситуација, бидејќи исходот може да биде потежок. Исто така, таа го охрабрува Fred да го сподели своето искуство на состанок на тимот, за тоа како да се балансира овозможувањето ризик со одговорностите на организацијата за справување со ризик.

## Пристап до материјали и нивно користење

Најдобро е Упатството за обука за способност да го преземете на вашиот компјутер, за да имате пристап до него во секое време.

**Пристап до материјалите:** Обука за способност - Вовед | Способност на работната сила на NDIS (ndiscommission.gov.au)

За повеќе информации за Рамката или нејзината примена, посетете ја веб-страницата: https://workforcecapability.ndiscommission.gov.au/

**Контакт:** workforcecapability@ndiscommission.gov.au или 1800 035 554.